СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Здружение на градежништвото, индустријата
на градежни материјали и неметали



# АНАЛИЗА
# за станбената изградба
# во Република Македонија

**Септември 2012 година, Скопје**

Општо ..... 3
1. Станбената изградба во изминатите години ..... 3
2. Просечни цени за градење ..... 4
3. Одобренија за градење ..... 6
4. Одобренија за градење по градови во Република Македонија ..... 8
5. Станбена изградба во регионот ..... 10
6. Констатации ..... 10

## Општо

Анализата има за цел да поттикне расправа и да даде слика за состојбата во станбената изградба која во последниот период бележи тренд на зголемување на бројот на изградените станови или планираните за изградба.

Само за илустрација, со последниот попис од 2002 година, во Република Македонија има 564.296 домаќинства и 697.529 станови, при што се јавува вишок од 154.115 станови или на секое домаќинство отпаѓа по 1,2 стана.

Во период од повеќе од десет години состојбата во станбената област драстично се менува, не толку колку што е зголемувањето на бројот на становите, туку повеќе во подобрувањето на нивната опременост и инфраструктура.

Податоците кои се обработени во Анализата се користени од Државниот завод за статистика и од градежните компании.

## 1. Станбената изградба во изминатите години

Изградбата на станови во изминатите дваесетина години се движеше:

| | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 10.189 | 7.537 | 6.583 | 6.466 | 4.827 | 4.640 | 5.342 | 4.300 | 3.253 | 4479 | 5.316 |

| | 2001 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 4.431 | 4.126 | 6.431 | 5.010 | 6.493 | 5.820 | 5.144 | 4.710 | 5.152 | 5.254 |

Во последните десетина години, годишно се завршуваат по околу 5.000 - 5.500 станови, со исклучок на 2006 година кога беа завршени 6.431 стан.



Анализирани се и податоците за незавршените станови во тековните години, при што може да се констатира дека и тој број почнува да бележи зголемување и изнесува повеќе од завршените станови.

| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно станови | 5820 | 5144 | 4710 | 5152 | 5254 |
| Незавршени станови | 5160 | 4893 | 5365 | 5741 | 5979 |

| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно станови | 5820 | 5144 | 4710 | 5152 | 5254 |
| Индивидуален сектор | 5676 | 4920 | 4553 | 4898 | 5115 |
| % учество на индив. во вкупниот број станови | 97,5 | 95,6 | 96,7 | 96,1 | 97,3 |

## 2. Просечни цени за градење

Цената на 1м2 ја сочинуваат следните трошоци:

- трошоци за градежно земјиште (купување на земјиштето, цената зависи од локацијата и се движи од 1-1000 евра/м2 почетна цена, надоместоци за уредување на градежното земјиште, надоместоци за приклучоци за струја, вода, парно греење и друго);
- трошоци за градење (градењето вклучува и уривање на постојни станбени згради, чистење на градилиштето, земјени работи, подигање на зградата, подигање и покривање на кровната конструкција, инсталатерски и завршни работи на зградите и становите);
- останати трошоци (обезбедување на одобрение за градење, проектирање, премер на земјиштето, стручен надзор и друго).

Цените на становите во нашата земја се движат:

| **2010** | Вкупно | Градежно земјиште | Градење | Останати трошоци |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно (евра)** | **848** | 234 | 544 | 69 |
| Скопје | **1043** | 347 | 1035 | 99 |
| Останати населени места | **718** | 160 | 509 | 49 |

| **2011** | Вкупно | Градежно земјиште | Градење | Останати трошоци |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно (евра)** | **815** | 187 | 567 | 61 |
| Скопје | **958** | 210 | 671 | 77 |
| Останати населени места | **672** | 164 | 462 | 46 |

Според статистичките податоци, цените на становите, како на ниво на земјата, така и во Скопје и во останатите населени места, бележат тренд на намалување споредено со 2011 година (848 евра/м2) со 2010 година (815 евра/м2) и тоа за 3,9%.

| | Вкупно | Градежно земјиште | Градење | Останати трошоци |
|---|---|---|---|---|
| **2010** | **848** | 234 | 544 | 69 |
| **2011** | **815** | 187 | 567 | 61 |

Трошоци по м2 станбен простор




Учеството на трошоците за 1м2 станбена површина

| **2010** | Вкупно | Градежно земјиште | Градење | Останати трошоци |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 100 | 27,7 | 64,1 | 8,2 |
| **Скопје** | 100 | 33,3 | 57,2 | 9,5 |
| **Останати населени места** | 100 | 22,3 | 70,8 | 6,9 |

| **2011** | Вкупно | Градежно земјиште | Градење | Останати трошоци |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 100 | 30,0 | 69,5 | 7,5 |
| **Скопје** | 100 | 22,0 | 70,0 | 8,0 |
| **Останати населени места** | 100 | 24,4 | 68,8 | 6,8 |

Учество на трошоците во 2010 и 2011 година на ниво на земјата




Трошоците за градење во 2011 година бележат тренд на зголемување во однос на 2010 година, и тоа кај градбата за 4,2,% што е последица на зголемување на цените на градежните материјали.

## 3. Одобренија за градење

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2010** | 154 | 212 | 295 | 233 | 222 | 253 | 230 | 267 | 268 | 191 | 241 | 288 |
| **2011** | 172 | 173 | 195 | 220 | 231 | 228 | 210 | 191 | 212 | 268 | 240 | 256 |
| **I-VI 2012** | 169 | 174 | 210 | 200 | 245 | 249 | | | | | | |




| Вкупно одобренија | |
|---|---|
| 2010 | 2854 |
| 2011 | 2596 |
| I-VI 2012 | 1247 |



## 4. Одобренија за градење по градови во Република Македонија

| Општина | 2010 | 2011 | 2012 6м |
|---|---|---|---|
| **Аеродром** | 574 | 672 | 473 |
| **Штип** | 536 | 314 | 178 |
| **Чаир** | 431 | 384 | 172 |
| **Центар** | 270 | 232 | 389 |
| **Тетово** | 235 | 130 | 8 |
| **Струмица** | 232 | 381 | 122 |
| **Струга** | 120 | 293 | 16 |
| **Охрид** | 117 | 257 | 81 |
| **Куманово** | 87 | | 56 |
| **Кичево** | 80 | 324 | 136 |
| **Кисела Вода** | 72 | 151 | 30 |
| **Карпош** | 69 | 112 | 5 |
| **Гостивар** | 51 | | |
| **Ѓорче Петров** | 38 | 120 | 8 |
| **Гевгелија** | 19 | 53 | |
| **Гази Баба** | | 201 | 112 |
| **Велес** | | 6 | 145 |
| **Берово** | | 49 | 76 |




Одобренија за градење по градови


Одобренија - 2010
600
500
400
300
200
100
0
Ааеродром
Карпош
Охрид
Тетово
Струмица
Центар
Гостивар
Ѓорче Петров
Чаир
Велес
Кисела Вода
Берово
Гевгелија
Кичево
Струга


Одобренија 2011
700
600
500
400
300
200
100
0
Аaеродром
Тетово
Центар
Кисела Вода
Охрид
Гостивар
Карпош
Ѓорче Петров
Велес
Штип
Струмица
Кичево
Гевгелија
Струга
Гази Баба


Одобренија - 6м.2012
500
450
400
350
300
250
200
150
100
50
0
Аaеродром
Карпош
Охрид
Тетово
Куманово
Кисела Вода
Центар
Штип
Ѓорче Петров
Гази Баба
Велес
Чаир
Гостивар

## 5. Станбена изградба во регионот

Станбената изградба во неколку соседни земји, барем според нивните државни заводи за статистика, бележи тренд на намалување во последните неколку години. Се` почести се реакциите на инвеститорите дека продажбата бележи драстичен пад, која доста е изразена во Хрватска, Бугарија и во Србија.

Движење на станбената изградба во регионот
(Опфатени се Србија, Хрватска и Бугарија)

| | | Македонија | Србија | Хрватска | Бугарија |
|---|---|---|---|---|---|
| Изградба на станови | 2009 | 4.710 | | 17.018 | 22.058 |
| | 2010 | 5.152 | 16.898 | 13.378 | 15.771 |
| | 2011 | 5.254 | 17.000 | 13.470 | 13.953 |
| Цена на станови (во евра) | 2010 | **848** | **1.328** | **1.520** | **507** |
| | 2011 | **815** | **1.320** | **1.560** | **476** |

| | | Македонија (денари) | Србија (Динари) | Хрватска (Куни) | Бугарија* (лева) |
|---|---|---|---|---|---|
| Изградба на станови (број) | 2009 | 4.710 | | 17.018 | 22.058 |
| | 2010 | 5.152 | 18.648 | 13.378 | 15.771 |
| | 2011 | 5.254 | 18.449 | 13.470 | 13.953 |
| Цена на станови (валута) | 2010 | 52.125 | 139.436 | 10.971 | 964 |
| | 2011 | 50.131 | 131.980 | 11.764 | 905 |

- Цените се за бруто површина и полузавршени станови (како карабина)

## 6. Констатации

Со заокружување на законската регулатива за градежното земјиште, пренесување на ингеренциите на локалната власт околу земјишната политика, односно стекнување на правото на сопственост на земјиштето, како и донесувањето на генерални и детални урбанистички планови во единиците на локалната самоуправа, се создаваат услови за отпочнување со изградба на разни видови објекти, а во тие рамки и станбената изградба.

Тоа посебно се очекува да биде повеќе изразено кај индивидуалните куќи, посебно кај објектите кои согласно законската регулатива се или ќе се легализираат, со што се создава можност за нивна доградба или надградба, или нова изградба.

Се` поизразен е интересот на инвеститорите и градежните претпријатија за изградба на нови станови, при што „никнуваат” и цели станбени населби.

Покрај поголемата изградба на станови во Скопје со сите општини, подем на станбената изградба има во Штип, Тетово, Струмица, Охрид и во Струга, во 2011 и 2012 година одобренија за градење се издадени во Кичево, Куманово, Велес, Берово итн. Ова говори дека полека изградбата на станови се проширува скоро по цела територија на државата.

Просечната цена на 1м2 станбена површина, според официјалните статистички податоци, се движи околу 800-850 евра, меѓутоа во зависност од градот, локацијата, опременоста на становите и самиот локалитет, цените достигнуваат и повеќе од 2.000 евра/м2. Во последно време се` почести се најавите од страна на инвеститорите дека постои застој во продажбата на овие станови, така што цените почнуваат да бележат мал тренд на намалување.

Во целина, барем според поголем број инвеститори, продажбата на новите станови се` уште е на задоволително ниво, становите се продаваат, пред се', заради локациите на кои се градат станбените згради, потоа опременоста на становите и објектите, а истовремено поддржани од нашите банки.
Куповната моќ на населението е една од главните поголеми пречки за неможноста за купување станови, бидејќи просечната плата изнесува околу 20.825 денари (околу 320 евра), или 2,5 плати за 1м2 станбен простор.

Кај условно кажано старите станови, продажбата е драстично опадната, а понудата е се` поголема. Најчесто се продаваат поголемите станови над 80-90 м2, од причина што одржувањето на становите и објектите веќе претставува товар на станарите. За овие станбени згради и станови веќе е неопходно нивно реновирање, пред се', и заради потребата од намалување на трошоците за енергијата, која кај семејствата учествува со голем процент од нивниот месечен буџет.